Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државна управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019 и 110/2019), член 14 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/08, 59/12, 156/10, 187/13 , 41/14 и 83/18 ), Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам – Скопје донесе:

**ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИНТЕРНА ПРОЦЕДУРА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА, ПОСТАПУВАЊЕ И НАЧИН НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СТРАНСКИ ОРГАНИЗИРАН ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ ПРИ АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ВО ПРВ И ВТОР СТЕПЕН**

Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 02-345/26
02.07.20 21 год./vit
Скопје / Shkup

**Член 1**

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 1 став (1) се менува целосно и гласи:

"Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот носи: "Измена и дополнување на интерна процедура за организација, постапување и начин на работа на Комисијата за доделување на субвенции за странски организиран туристички промет во прв и втор степен при Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот- Скопје"."

Во член 1 став (2) се менува делот "Комисија за субвенционирање на странски организиран туристички промет при Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот-Скопје" и гласи:

"Комисијата за доделување на субвенции за странски организиран туристички промет и работната група формирана со решение на директорот по однос на поведена второстепена постапка при Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот- Скопје."

Во член 1 став (3) се менува " Комисија за субвенционирање на странски организиран туристички промет "и гласи:

"Комисијата за доделување на субвенции за странски организиран туристички промет и работната група формирана со решение на директорот по однос на поведена второстепена постапка при Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот- Скопје."

Член 1 став(4 ) се менува целосно и гласи:

"Внатрешната организација и работа на Комисијата и работната група формирана по однос на поведена второстепена постапка, се утврдува врз основа на закон, статутот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот - Скопје, Правилникот за начинот, видот и висината на субвенциите, ЗОУП и оваа Процедура."

### Член 2

### ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМИСИЈАТА И ПРОЦЕДУРА НА ПРИЕМ НА ПРЕДМЕТИ

Член 2 став(1) се менува целосно и гласи:

Комисијата е составена од претседател, заменик претседател, три членови и три заменици членови.

Член 2 став(2) се менува целосно и гласи:

"Прием на барања за субвенции се врши на адредсата на канцеларијата на АППТ во Струга, лично во просториите на Агенцијата или преку пошта".

Член 2 став (3) се менува целосно и гласи:

"Во случај некој предмет да биде доставен во канцеларијата во Скопје, истиот во рок од 1 ден се проследува до Комисјата во Струга (со ковертот во кој документацијата била примена во АППТ Скопје)."

Член 2 став(4) се менува целосно и гласи:

"Од денот кога странката го поднела барањето со сите докази кои била должна да ги поднесе (вклучувајќи ги и дополнителните документи побарани со известувања за комплетирање на документацијата), Комисијата е должна во име на директорот во рок од 30 дена да изготви Решение. Наведениот рок може да биде пролонгиран согласно член 94 и 95 од ЗОУП ("Службен весник на Република Македонија" број 124/15)."

Член 2 став (5) после зборот "се предаваат" се додава зборот "во рок од два дена на претседател/заменик претседател", останатиот текст останува непроменет.

Член 2 став (6) се брише делот "Раководителот на Сектор за проекти, поддршка на туризмот и административни работи (во понатамошен текст Раководител)"останатиот текст останува непроменет.

### Член 3

### НАЧИН НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА

Член 3 став (1) после зборот"архивата"се додаваат зборовите"регистарот и пописот на списи", после зборовите "комуникација со странката" се додаваат зборовите "тука спаѓаат и пратени и примени е-маил пораки во врска со предметот".Останатиот дел останува непроменет.

Член 3 став (2) се менува целосно и гласи:

"Членот на кој му е доделен предмет за работа должен е да достави предлог известување (за комплетирање на документација), до претседателот/заменик претседателот на преглед и одобрување во писмена и електронска форма. Конечното известување, се потпишува од членот кој го изработил, уште еден член и претседател/заменик на Комисијата. Известувањето го потпишува и лице овластено од страна на директорот."

После член 3 став (2) се воведуваат уште 3 нови ставови кои што гласат:

Член 3 став (3) гласи"Известувањето се архивира, се заведува во Регистарот на субвенции и електронски регистар, книгата за пошта, се пополнува доставница и се праќа по пошта до подносителот на барањето.

Член 3 став(4)гласи"Поднесокот по известувањето (од страна на странката), се архивира и се заведува во Регистарот на субвенции и електронскиот регистар. Најдоцна до следниот работен ден се предава на членот кој го работел конкретниот предмет за кој се однесува доставата.

Член 3 став(5)гласи"Членот на кој му е доделен предмет во работа должен е во рок од 20 дена од денот кога странката го поднела барањето со сите докази кои била должна да ги поднесе, да изготви предлог записник по конкретниот предмет. Наведениот рок може да биде пролонгиран согласно член 94 и 95 од ЗОУП ("Службен весник на Република Македонија" број 124/15)."

Член 3 став (3) станува став (6) целосно се менува и гласи:

"Предлог записникот, членот го доставува во писмена и електронска форма до претседателот/заменик претседателот на комисијата и еден член/заменик член на Комисијата. Лицата кои ја проверуваат содржината на предлог записникот имаат право да ја прифатат предлог одлуката, да го вратат предметот на дообработка или доколку сметаат поинаку да донесат одлука поинаква од онаа во предлог записникот.

Член 3 став (4) станува став (7) целосно се менува и гласи:

"Конечниот записник го потпишува членот кој го работел предметот, уште еден член/заменик на Комисијата и претседателот/заменик претседателот на Комисијата и истиот се архивира со денот на изработка.Записникот се архивира и се заведува во Регистарот на субвенции и електронски регистар."

Член 3 став(5) станува став(8) целосно се менува и гласи:

"Членот задолжен за предметот е должен, најдоцна до следниот работен ден од донесување на конечниот записник, да достави предлог Решение до претседателот/заменик претседателот на комисијата, Раководител на Сектор или овластено лице од директорот за увид во документацијата и еден член од Комисијата. Лицата кои ја проверуваат содржината на предлог решението имаат право да ја прифатат предлог одлуката, да го вратат предметот на дораработка или доколку сметаат поинаку да донесат одлука поинаква од онаа во предлог решението."

Член 3 став(6)станува став(9) кој се дополнува во делот "контролирал Претседател на Комисија за субвенции" се додава зборот"претседател/заменик ", во делот"согласен"се додава "овластено лице од директорот за увид во документацијата", се додава делот"Директор или овластено лице од директорот/раководител на сектор."

После член 3 став (9)Се додава нов став (10) кој гласи:

"Во делот согласен се потпишува лицето кое има овластување од директорот да врши увид во документацијата, од аспект на почитување на процедурата во првостепената постапка. Овластеното лице може да не го потпише решението, за што треба да достави известување до раководителот на сектор за причините за непотпишување на решението."

После член 3 став (10)Се додава нов став (11) кој гласи:

"Комисијата за доделување на субвенции за странски организиран туристички промет и работната група формирана со решение на директорот по однос на поведена второстепена постапка при Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот- Скопје, сите документи кои ги изработуваат за интерна и надворешна употреба се во согласност со "Интерен Правилник за изработка на Административно-технички документ/запис во Агенција за промоција и поддршка на туризмот"

**Член 4**

**ПРОЦЕДУРА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА КОМИСИЈАТА**

Член 4 став(1) се брише"со" на негово место се додава"треба да стои"два примероци од пропратно писмо", се бришат зборовите"интерна доставна книга","најдоцна во рок од 25 дена од приемот на предметот", останатиот текст останува непроменет.

Член 4 став (4) целосно се менува и гласи:

Директорот на Агенцијата го враќа потпишаното Решение до Комисијата, со еден примерок од пропратното писмо, заверен со дата на прием и потпис.

Член 4 став(5) целосно се менува и гласи:

"Оригиналниот примерок од Решението се архивира и се заведува во Регистарот на субвенции, електронски регистар, УП1, интерна доставна книга и се испраќа до подносителот на барањето. (се внесува во книга за пошта и се потполнува доставница)."

Член 4 став (6) целосно се менува и гласи:

"По истекот на 30 дена од прием на решението од страна на странката, доколку не е вложена жалба по истото, се става печат за правосилност на кој се наведува датата на правосилноста на Решението. На печатот задолжително се потпишуваат претседателот и заменик претседателот на Комисјата."

Член 4 став(7) целосно се менува и гласи:

"Така изготвеното Решение се праќа до финансовата служба на Агенцијата за исплата на истото, со два примерока од пропратно писмо потпишано од претседателот/заменикот на комисијата. Еден примерок од пропратното писмо (со потпис и дата на прием од Скопје) се враќа до канцеларијата во Струга."

После член 4 став (7) се додава нов став(8) кој гласи:

"Доколку во текот на постапката пред исплата на решенијата, од страна на подносителот на барањето за субвенции има промена на банкарска сметка, подносителот е должен да достави нотарски заверена изјава со настанатите промени, како и нов оригинален СУ образец, со податоци во согласност со изјавата. Новиот СУ образец ќе биде архивиран под истиот број на кој се водело барањето, со дата на прием на новиот образец."

Член 4 став (8) станува став (9) останува непроменет.

Член 4 став (9) станува став(10) целосно се менува и гласи:

"Доколку на Решението донесено од Директорот е вложена жалба, достава на списи до второстепена комисија, одговор на жалба и друга комуникација по однос на поведената второстепена постапка ја водат лицата од работната група формирана со решение на директорот, се до правосилноста и конечноста на Решението."

Член 4 став(10)после него се додава нови два ставови:

Член 4 став(11)гласи

"На доставата на списи до Државна комисија се потпишуваат лицата од работната група формирана со решение на директорот.

Член 4 став(12) гласи

"Работната група е должна еднаш годишно да доставува извештај до претседателот на Комисијата, раководителот на сектор и директорот со податок за број на примени жалби, број на пратени достави, број и вид на решенија од Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, број на примени барања за достави на списи поради поведен управен спор, број и вид на пресуди од Управен суд, број на барања за достава на списи поради жалба до виш управен суд, број и вид на решенија од виш управен суд."

Член 4 став (10) станува став(13) целосно се менува и гласи:

"Комисијата е должна два пати годишно до Раководителот на сектор, а тој на Директорот да доставува Изевештај за својата работа кој треба да содржи податок за примени барања и изработени решенија."

Член 5

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 5 став 1 се дополнува, после зборот "комисијата" се додава речениците" и работната група формирана со решение на директорот по однос на поведена второстепена постапка". Останатиот текст останува непроменет.

Оваа процедура ќе се применува од 07.06.2021 година.

**Директор**

**Љупчо Јаневски**